Тип на документ:
Подзаконски акт
Број на Службен весник:
149/2012
Датум на објавување:
27.11.12

# МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ

Врз основа на член 7-б став 2 од Законот за јавна чистота ("Службен весник на Република Македонија" бр. 111/08, 64/09, 88/10, 23/11, 53/11 и 80/12), министерот за транспорт и врски донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗАРАДИ НЕИЗДАВАЊЕ НА ДОЗВОЛА ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНА ЧИСТОТА, ОДНОСНО ЗАРАДИ НЕДОНЕСУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕ ЗА ОДБИВАЊЕ НА БАРАЊЕТО ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ДОЗВОЛА ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНА ЧИСТОТА

## Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на барањето заради неиздавање на дозвола за одржување на јавна чистота односно заради недонесување на решение за одбивање на барањето за издавање на дозвола за одржување на јавна чистота во рокот утврден во член 7-а став 1 од Законот за јавна чистота.

## Член 2

Барањето од член 1 на овој правилник се поднесува на образец „Барање заради неиздавање на дозвола за одржување на јавна чистота односно заради недонесување на решение за одбивање на барањето за издавање на дозвола за одржување на јавна чистота" во формат А-4 во бела боја кој е даден во Прилог и е составен дел на овој правилник.

Образецот на барањето од став 1 на овој член содржи: назив на органот до кој се поднесува барањето, масто за број и датум, во средишниот дел назив на барањето, назив на правното лице - подносителот на барањето, седиште на правното лице - подносителот на барањето, краток опис поради што се поднесува барањето и место за потпис на подносителот на барањето.

## Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 01-22824
20 ноември 2012 година
Скопје

Министер,
**Миле Јанакиески** с.р.

**Прилог**

**ДО: ПИСАРНИЦАТА НА МИНИСТЕРОТ ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ**

**Број: ___________**
**Датум:___________**

Барање заради неиздавање на дозвола за одржување на јавна чистота односно заради недонесување на решение за одбивање на барањето за издавање на дозвола за одржување на јавна чистота

______________________________________________
(назив на правното лице – подносителот на барањето)

______________________________________________
(седиште на правното лице – подносителот на барањето)

Краток опис поради што се поднесува барањето:

Молам, согласно рокот утврден во член 7-б став 4 од Законот за јавна чистота да постапите по барањето за издавање дозвола за одржување на јавна чистота поднесено под број ____ на ден ___________ до Министерството за транспорт и врски, чија копија ви ја доставувам во прилог.

Датум и место на поднесување　　　　Подносител на барањето

___________________________　　　　_________________________